**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-596/9**

**Скопје, 27.11.2006 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за економија – Сметка за приходи наплатени од органи - средства од метрологија и технички надзор, за 2005 година, кои се прикажани на страните 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за економија – Сметка за приходи наплатени од органи - средства од надоместокот што го плаќаат деловните субјекти при увозот и извозот на производи, стоки и услуги за 2003 година и е дадено позитивно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Фатмир Бесими, министер, од 24.12.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија, во периодот од 31.08.2006 до 27.10. 2006 година

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи на Министерството за економија – Сметка за приходи наплатени од органи - средства од метрологија и технички надзор, за 2005 година ревизијата го констатира следното:

**10.1. Незаконско и ненаменско користење на средствата**

10.1.1. Во Министерството за економија во текот на 2005 година со договор за дело биле ангажирало 40 лица за кои е исплатено бруто износ од 9,758 илјади денари од буџетската сметка и од сметката на приходи наплатени од органи. Оваа состојба е последица на непополнети работни места согласно со Правилникот за систематизација, а начинот на нејзиното решавање е спротивен на Законот за работни односи и Законот за облигациони односи, со оглед на фактот дека не станува збор за еднократно ангажирање, туку за редовни активности утврдени со програмата на министерството за 2005 година. Врз основа на детални анлитички постапки ревизијата констатира дека на дел од ангажираните лица по основ на договори на дело, од благајната дополнително се исплатени средства за репрезентација во земјата и во странство, гориво за користење на службени возила, патувања во земјата и во странство и други расходи во вкупен износ од 1,027 илјади денари што има за последица незаконски потрошени средства.

10.1.2. Со увид во примената на Законот за јавни набавки ревизијата го констатира следното:

- Министерството за економија, без спроведена постапка за јавна набавка при изборот на најповолен добавувач, ги користело услугите на ТД КТС Сервис ДОО Скопје за консултантски услуги и преведување, за што исплатило средства во вкупен износ од 1.944 илјади денари.

- Ревизијата констатира дека со Агенцијата за услуги Голд Хоме избрана со постапка на отворен повик, Министерството склучило договор со вредност од 200 илјади денари за авторски хонорар за изработен работен текст на Законот за стечај, а исплатило 812 илјади денари од двете сметки, без да склучи анекс договор кон основниот договор што има за последица незаконски потрошени средства.

**Препораки и мерки**

1. Министерот да ја преиспита потребата од ангажирањата на надвореши лица по договор за дело и да превземе конкретни мерки и активности во соработка со Министерството за финансии за нивно редовно вработување и соодветно пополнување на упразнетите работните места во министерството согласно актот за систематизација.

2. Одговорното лица на министерството да не склучува договори за набавки без претходно спроведени постапки согласно Законот за јавни набавки и да го почитува договорените износи.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за економија – Сметка за приходи наплатени од органи - Сметка за приходи наплатени од органи - средства од метрологија и технички надзор на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Министерството за економија – Сметка за приходи наплатени од органи - средства од метрологија и технички надзор, освен за изнесеното во точката 10.1., остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

13. Ревизијата има обврска да ги обелодени расходите кои претставуваат значителни ставки во Буџетот на РМ исплатени на конзорциумот Meinl Capital Advisors од Виена Австрија за извршени консултански услуги во процесот на реконструктуирање и приватизација на системот на РМ за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост АД Електростопанство на Македонија.

    Договорот за консултански услуги е склучен на 01 февруари 2002 година а во текот на годините што следат истиот е продолжуван од Владата на РМ со Анекс договори.
    Во периодот од 2002 до 2005 година овие расходи изнесуваат 118.638 илјади денари а во 2006 година, до денот на ревизијата е исплатено 177,406 илјади денари или вкупно 296,044 илјади денари. Конзорциумот Meinl Capital Advisors учествувал како консултант на Владата на РМ во продажбата и приватизацијата на АД Електростопанство на Македонија.
    Ревизијата е на мислење, поради висината на расходите направени за оваа намена, дека е потребно да се изврши евалуација на ефектите од поставените цели со договорот.

**Скопје, 22.11.2006 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 45.981 | 69.337 |
| Трансфери и донации | 46.608 | 31.040 |
| **Вкупно приходи** | **92.589** | **100.377** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 2.915 | 500 |
| Стоки и услуги | 56.832 | 48.782 |
| Субвенции и трансфери | 491 | 1.000 |
| **Вкупно тековни расходи** | **60.238** | **50.282** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 21.811 | 3.488 |
| **Вкупно капитални расходи** | **21.811** | **3.488** |
| **Вкупно расходи** | **82.049** | **53.770** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **10.540** | **46.607** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **10.540** | **46.607** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 10.539 | 46.608 |
| Побарувања | 30.921 | 29.725 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 1.000 | 1.000 |
| Побарувања од вработените | 446 | 329 |
| Финансиски и пресметковни односи | 2 | 2 |
| Побарувања од државата и други институции | 5.761 | 5.276 |
| Активни временски разграничувања | 6.279 | 2.411 |
| **Вкупно тековни средства** | **54.948** | **85.351** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 0 | 2.344 |
| **Вкупно постојани средства** | **0** | **2.344** |
| **Вкупна актива** | **54.948** | **87.695** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 6.059 | 2.005 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 123 | 6 |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 31 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 0 | 126 |
| Пасивни временски разграничувања | 48.766 | 83.183 |
| **Вкупно тековни обврски** | **54.948** | **85.351** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 0 | 2.344 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **0** | **2.344** |
| **Вкупна пасива** | **54.948** | **87.695** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

**Бр. 1105-6/1**
***23,01,2007 година***
***С к о п ј е***

Врз основа на член 27 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија – пречистен текст (“Сл. весник на РМ” бр. 73/2004) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на Министерството за економија за 2005 година бр. 596/14 од 27.12.2006 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното:

## *Р Е Ш Е Н И Е*

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на наодите во точките 10.1.1 и 10.1.2., алинеа 1 и 2 од Конечниот Извештај за извршената ревизија на Министерството за економија за 2005 година – Сметка за приходи наплатени од органи, средства од метрологија и технички надзор, доставено од г-дин Фатмир Бесими, поранешен министер, **не се прифаќа**.

**2.** Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Министерството за економија за 2005 година поднесен е приговор бр. 596/14 од 27.12.2006 година.

Образложението за неприфаќање на одделни точки од приговорот е следното:

1. Приговорот на наодот од точката 10.1.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на ангажирани 40 лица со договор за дело и направените дополнителни расходи на овие лица надвор од договорот, **не се прифаќа,** од причина што превземените активности на министерството кои произлегуваат од системската неусогласенот помеѓу потребата од вработени од една страна и ограничувањата за нови вработувања од друга страна, дадена како образложение на субјектот, е спротивна на законските прописи, поради што наодот не се менува.

2. Приговорот на наодот во точка 10.1.2., алинеа 1 и 2 од Конечниот извештај, а кој се однесува на неправилности во примената на Законот за јавни набавки, **не**

**се прифаќа**, од причина што образложението на субјектот дека не можел да ги предвиди расходите и потребата од преведување и консултантски услуги, како причина за преземените незаконски активности, не е доволен доказ за менување на наодот.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Скопје, 03.01.2007 година** **Главен државен ревизор,**

**Д-р Драгољуб Арсовски**


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*